*З А П И С Н И К*
*од 11- та седница на Совет на Општина Демир Хисар*
*одржана на 27.07.2026 година*

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11. 30 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Богдан Стојановски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска, Гоце Јончевски и Илче Ангелевски. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска и Јасмина Василеска Перчаковска. На седницата присутен беше директорот на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар Славче Велјановски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

- Записник од 10-та седница на Совет на општина Демир Хисар

Записникот беше усвоен со 10 „за“ без забелешки против и воздржани немаше

На седницата се расправаше по следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за издавање под закуп на недвижен имот-индивидуален стамбен објект во с.Зашле сопственост на Општина Демир Хисар
2. Одлука за давање согласност Годишен план за вработување за 2027 година на Општина Демир Хисар.
3. Одлука за давање согласност Годишен план за вработување за 2027 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.
4. Одлука за одобрување финансиска поддршка за организација на музичка манифестација „Рок Хепенинг“ во Демир Хисар.

5. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата, предложениот дневен ред го стави на расправа. Советникот Богдан Стојановски предложи дополнување на дневниот ред со точка Информација со состојбата со водоснабдувањето во градот Демир Хисар и околните населени места на територијата на Општина Демир Хисар за водоводите со кои управува ЈКП Комуналец, квалитетот на водата за пиење и преземањето мерки од страна на Општината Демир Хисар и ЈКП Комуналец Демир Хисар. Потребата од ваква информација произлезе од случувањата поврзани со квалитетот на водата за пиење во повеќе општини, како и барање на повеќе граѓани, од тие причини советничката група на СДСМ предлага дополнување на дневниот ред со оваа точка. Во насока на тоа додаде да се добие информација дали редовно се вршат анализи за квалитетот на водата од страна ЦЈЗ Битола. Претседателот на Советот Никола Дранговски предложи ако се стави точка на дневен ред треба да има присутен претставник од ЈКП Комуналец Демир Хисар да даде информација, може да се стави во предлози и прашања, но повторно некој треба да даде информација, најдобро е на наредна седница да се стави дочка на дневен ред, во меѓувреме барањето да се препрати до ЈКП Комуналец и на наредна седница да имаме информација. Со предлогот на претседателот на советот се согласија сите советници. Други предлози и прашања немаше. Со 11 „за“ беше усвоен дневниот ред.

**ТОЧКА 1. Одлука за издавање под закуп на недвижен имот-индивидуален стамбен објект во с.Зашле сопственост на Општина Демир Хисар**

Во врска со Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот-индивидуален стамбен објет во с.Зашле сопственост на Општина Демир Хисар претставничката Александра Трајковска објасни на предходната седница ви беше доставено барањето од Светислав Апостолов, општината направи процена и се утврди месечна закупнина. Советникот Љупчо Најдовски имаше забелешка за висината на закупнината 15.000 месечна закупнина за период од 8 години се многу пари, објетктот е во лоша состојба, во објектот има многу да се инвестира. Претставничката Александра Трајковска објасни така и се планира во висина од закупнината да инвестира во објектот, процената ја направи општински овластен проценител врз основа на тоа се определи закупнината. Советничката Клара Кузмановска додаде ова ќе претставува како мера за определување на закупнина кога некој друг ќе бара имот под закуп. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 2. Одлука за давање согласност Годишен план за вработување за 2027 година на Општина Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за давање согласност Годишен план за вработување за 2027 година на Општина Демир Хисар претставничката Јасмина Василеска Перчаковска објасни планот за 2027 година е празен нема планирани вработувања, сега се носи да се запазат роковите, ако има потреба од вработувања ќе се направи измена на планот. Дискусија немаше. Со 8 „за" и 3 „воздржани" одлуката за давање согласност беше донесена.

***ТОЧКА 3. Одлука за давање согласност Годишен план за вработување за 2027 година на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност Годишен план за вработување за 2027 година на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар излагање имаше директорот Славче Велјановски. Дискусија немаше. Со 8 „за" и 3 „воздржани" одлуката за давање согласност на планот беше донесена.

***ТОЧКА 4. Одлука за одобрување финансиска поддршка за организација на музичка манифестација „Рок Хепенинг" во Демир Хисар***

За Одлуката за одобрување финансиска поддршка за организација на музичка манифестација „Рок Хепенинг" во Демир Хисар објаснување имаше директорот Славче Велјановски, дел од финаниските средства за манифестацијната се обезбедени од Министерството за култура 240.000 средства кои се потребни за покривање на хонорари за гостите ќе присуствува Игор Џамбазов и група Гром, од општината се планира да се обезбедат 150.000 се планира да се поканат и други учесници, потребни се средства за озвучување на бината и други трошоци околу техниката. Советничката Марија Ѓоргиовска праша дали се плаќа некаков надомест за поставување на штандови за хок хепенингот. Директорот Славче Велјановски објасни не плаќаат ништо само обезбедуваат пијалаци за учесниците. Претседателот на советот Никола Дранговски истакна пракса е во други општини да се наплаќа надомест треба да се плати може да се направи со лицитирање да има повик. Директорот Славче Велјановски објасни во поголемите општини има повеќе угостители можи тоа да се практикува овде можи нема да има интертес ако се воведе таква практика, ние објавуваме повик се пријавуваат но нема надомест. Советничката Марија Ѓоргиовска додаде треба да се види колку би требало да платат, така можеби никој нема да се пријави, советникот Илче Ангелевски дополни нека има износ ќе се види дали ќе се пријават. Со тоа се согласи и советникот Гоце Јончевски ќе се плати нешто барем ќе се покрие трошокот за електрична енергија. Советниците се согласија да се провери дали има одлука врз основа на која ќе се направи надомест, ако не советот да закажи седница и да донеси одлука. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 5. Предлози и прашања***

Советникот Љупчо Најдовски имаше предлози

-рефлекторите кај игралиштата лошо влијаат за безбдоста на сообраќајот ноќно време кога се вклучени да се најде некое решение

-има вработени во општината кои исполнуваат услови да бидат унапредени, треба да се унапредат да се разговара со градоначалникот да се предвидат средства со ребалансот во буџетот за таа намена

Советникот Богдан Стојановски имаше забелешка за спроведување на планот за одржување на патиштата за косење во Слоештица сами си косат жителите, требаше извештај да се поднеси каде се косело и кога

со забелешката се согласи и советничката Клара Кузмановска немаат поминато за косење исто така истакна во Сопотница кај зградите има дрво кое претставува опасност треба да се отстрани дрвото

Советникот Гоце Јончевски истакна сопственициите на нивите во близина на депонијата бараат да се исчисти патот

Претседателот на Советот Никола Дранговски објасни запознат е со тој проблем има објавено повик ќе се ангажира некој да го исчисти патот.

Дневниот ред беше исрпен Претседателот на Советот Никола Дранговски ја затвори седницата.

Бр. 17-775/2
26.08.2026 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Никола Дранговски с.р